**20141454535**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 44 став (4) точка 6) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13 и 43/14), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА МИКРОБИОЛОШКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ХРАНАТА[(*)]

Член 1

Во Правилникот за посебните барања кои се однесуваат за микробиолошките критериуми на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/13), во Прилогот 1, Поглавје 1., подточките 1.2. и 1.3., се менуваат и гласат:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2. Храна готова за консумирање што го поддржува размножувањето на Listeria monocytogenes, различна од онаа наменета за доенчиња и специјални медицински цели | Listeria monocytogenes | 5 | 0 | Отсуство во 25g([7]) | МКС EN ISO 11290-1 | Пред храната да ја напушти непосредната контрола на операторот со храна, кој ја произвел |
| 1.3. Храна готова за консумирање што не го поддржува размножувањето на Listeria monocytogenes, различна од онаа наменета за доенчиња и специјални медицински цели ([4]) ([8]) | Listeria monocytogenes | 5 | 0 | Отсуство во 25g | МКС EN ISO 11290-1 | Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење |

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-5534/1
30 јули 2014 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

[(*)]Овој правилник не е предмет на усогласување со Европското законодавство.